

 ***Панде Манојлов***

***ИМЕТО... КРШТЕВКА ПРЕД ВОДИЦИ***

"Треба
да си го промениш
името!" -
ѝ рекоа
на карпата на ридот.

-"Не си го менувам!
Ако го сменам,
ќе бидам
неплодна земја!" -
одговори карпата.

-"Треба
да си го промениш
името!" -
ѝ рекоа на земјата.

-"Не си го менувам!
Ако го сменам,
ќе бидам пустина!" -
одговори земјата.

-"Треба
да си го промениш
името!" -
ѝ рекоа на пустината.

-"Не си го менувам!
Ако го сменам,
ќе ги снема оазите!"-
одговори пустината!

-"Треба
да си го промениш
името!"
Ѝ наредија на Македонија.

"Не си го менувам!
Ако го сменам
и реката Јордан
и Исус ќе заплаче!"